**20150940008**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.6.2015 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОВЕТОТ (ЗНБП) 2015/383 ОД 6 МАРТ 2015 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКА 2013/255/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ СИРИЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување на Советот (ЗНБП) 2015/383 од 6 март 2015 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- забрана за влез во Република Македонија;
- финансиски мерки;
- ембарго на опрема која може да се користи за внатрешна репресија;
- забрана на купување, увоз или транспорт на сурова нафта и нафтени деривати од Сирија;
- пристапот до аеродромите под надлежност на Република Македонија за сите карго-летови извршени од сириски авиопревозници и сите летови извршени од Сириската Арапска авионска компанија.

Член 3

Се определуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање и

Министерството за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Надлежните органи од член 3 од оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерки.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивнате мерки се врши на начин утврден со Одлуката 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија („Службен весник на Република Македонија“ бр.133/2013), Одлуката 2014/74/ЗНБП на Советот од 10 февруари 2014 година за изменување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/2014) и Одлуката за спроведување на Советот (ЗНБП) 2015/383 од 6 март 2015 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 6

Рестриктивните мерки против Сирија се воведуваат на неодредено време.

Член 7

Одлуката за спроведување на Советот (ЗНБП) 2015/383 од 6 март 2015 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-5181/1
3 јуни 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

# ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОВЕТОТ (ЗНБП) 2015/383

**од 6 март 2015 година**

**за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлука 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија ([1]), а особено член 30(1) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) На 30 мај 2013 година, Советот ја донесе Одлука 2013/255/ЗНБП.

(2) Имајќи ја предвид сериозноста на состојбата, седум лица и шест субјекти треба да се додадат на списокот на физички и правни лица, субјекти или тела предмет на рестриктивни мерки во Анекс I кон Одлука 2013/255/ЗНБП.

(3) Затоа, Одлука 2013/255/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анекс I кон Одлука 2013/255/ЗНБП се изменува како што е утврдено во анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа директива влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службен весник на Европската унија*.

Брисел, 6 март 2015 година.

*За Советот*

*Претседателот*

К. ГЕРХАРДС

[1] Сл. весник L 147, 1.6.2013 година, стр.14.

*АНЕКС*

Следните лица и субјекти се додадени на списокот на физички и правни лица, субјекти или тела утврден во Оддел А и Оддел Б од Анекс I кон Одлука 2013/255/ЗНБП:

А. Лица

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на заведување |
|---|---|---|---|---|
| 199. | Бајан Битар (Bayan Bitar)<br><br>(познат како Др. Бајан Ал-Битар) (a.k.a. Dr Bayan Al-Bitar) | Адреса: Поштенски фах 11037, Дамаск, Сирија | Управен директор на Организацијата за технолошки индустрии (ОТИ/OTI) и на Сириската компанија за информатичка технологија (СКИТ/SCIT), и двете се подружници на Сириското министерство за одбрана, назначен од страна на Советот.<br><br>ОТИ помага при производство на хемиско оружје за сирискиот режим.<br><br>Како управен директор на ОТИ и СКИТ, Бајан Битар обезбедува поддршка за сирискиот режим. Поради неговата улога во производството на хемиско оружје, тој, исто така, дели одговорност за насилната репресија против сириското население.<br><br>Земајќи ја предвид неговата висока позиција во овие субјекти, тој, исто така е поврзан со субјектите наведени во списокот ОТИ и СКИТ. | 7.3.2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 200. | Бригаден генерал Гасан Абас (Ghassan Abbas) | Адреса: CERS, Centre d'Etude et de Recherche Scientifique;<br><br>(познато како SSRC, Scientific Studies and Research Centre (Центар за научни студии и истражување); Centre de Recherche de Kaboun Barzeh Street, Поштенски фах 4470, Дамаск) | Управител на филијалата на Сириски центар за научни студии и истражување (ЦНСИ) наведен во списокот во близина на Џумраја (Jumraya/Jmraiya).<br><br>Тој бил вклучен во ширење на хемиско оружје и организација на напади со хемиско оружје, вклучувајќи го Гоута (Ghouta) во август 2013 година. Затоа, тој ја дели одговорноста за насилната репресија против сириското население.<br><br>Како управител на филијалата на ЦНСИ во близина на Џумраја, Гасан Абас обезбедува поддршка за сирискиот режим. | 7.3.2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Како резултат на неговата висока позиција во ЦНСИ, тој, исто така е поврзан со субјектот ЦНСИ наведен во списокот. | |
| 201. | Ваел Абдулкарим (Wael Abdulkarim)<br><br>(познат како Ваел Ал Карим) (a.k.a. Wael Al Karim) | Адреса: Pangates International Corp Ltd, Поштенски фах Sharjah Слободна зона на меѓународен аеродром, Обединети Арапски Емирати<br><br>Ал Карим за трговија и индустрија (Al Karim for Trade and Industry), Поштенски фах 111, 5797 Дамаск, Сирија<br><br>Morgan Additives Office No 2206, 22nd Floor,, Jafza View 19, Besides Jafza View 18, Sheikh Zayed Road, Jebel Ali Free Zone Authority, Дубаи, ОАЕ | Управен директор на субјектот Пангејтс Интернешнал Пангејтс Корп Лтд (Pangates International Corp Ltd) наведен во списокот, кој дејствува како посредник во набавката на нафта за сирискиот режим.<br><br>Како управен директор на Пангејтс, Ваел Абдулкарим обезбедува поддршка и има корист од сирискиот режим. Тој, исто така, има висока позиција во субјектот Ал Карим Груп наведен во списокот, кој претставува матична компанија на Пангејтс.<br><br>Како резултат на неговите високи позиции во Пангејтс и Ал Карим Груп, тој, исто така е поврзан со субјектите наведени во списокот. | 7.3.2015 |

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на заведување |
|---|---|---|---|---|
| 202. | Ахмад Баркави (Ahmad Barqawi)<br><br>(познат како Ахмед Баркави) (a.k.a. Ahmed Barqawi) | Адреса: Pangates International Corp Ltd, Поштенски фах Sharjah Слободна зона на меѓународен аеродром, Обединети Арапски Емирати. Ал Карим за трговија и индустрија (Al Karim for Trade and Industry), Поштенски фах 111, 5797 Дамаск, Сирија.<br><br>Morgan Additives Office No 2206, 22nd Floor,, Jafza View 19, Besides Jafza View 18, Sheikh Zayed Road, Jebel Ali Free Zone Authority, Дубаи, ОАЕ | Главен управител на Pangates International Corp Ltd (Пангејтс Интернешнл Корп Лтд.), кој дејствува како посредник во набавката на нафта за сирискиот режим и управител на Al Karim Group (Ал Карим Груп). И Пангејтс Интернешнл и Ал Карим Груп се наведени во списокот од страна на Советот.<br><br>Како главен управител на Пангејтс и управител на Ал Карим Груп, матичната компанија на Пангејтс, Ахмад Баркави обезбедува поддршка и има корист од сирискиот режим. Имајќи ја предвид неговата висока позиција во Пангејтс и Ал Карим Груп, тој, исто така, е поврзан со субјектите Пангејтс и Ал Карим Груп наведени во списокот. | 7.3.2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 203. | Георге Хасвани (George Haswani)<br><br>(познат како Хесвани; Хасавани; Ал Хасавани) (a.k.a. Heswani; Hasawani; Al Hasawani) | Адреса: Damascus Province, Yabroud, Al Jalaa St, Сирија | Виден сириски бизнисмен, сосопственик на ХЕСКО (HESCO Engineering and Construction Company), главна компанија за инженерство и градежништво во Сирија. Има блиски врски со сирискиот режим.<br><br>Георге Хасвани обезбедува поддршка и има корист од режимот преку неговата улога како посредник во зделките за купување на нафта од ИСИЛ (ISIL) од страна на сирискиот режим.<br><br>Тој, исто така, има корист од режимот преку поволен третман вклучувајќи го доделувањето договор (како подизведувач) со Стројтрансгас (Stroytransgaz), голема руска нафтена компанија. | 7.3.2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 204. | Емад Хамшо (Emad Hamsho)<br><br>(познат како Имад Хмишо; Хамчу; Хамчо; Хамишо; Хмеишо; Хемашо) (a.k.a. Imad<br><br>Hmisho;<br><br>Hamchu;<br><br>Hamcho;<br><br>Hamisho; | Hamsho Building 31 Baghdad Street Дамаск, Сирија | Вработен на висока позиција во управата во Хамшо Трејдинг (Hamsho Trading).<br><br>Како резултат на неговата висока позиција во Хамшо Трејдинг., подружница на Хамшо Интернешнл, која е наведена во списокот од страна на Советот, тој обезбедува поддршка за сирискиот режим. Тој, исто така, е поврзан со субјект наведен во списокот, Хамшо Интернешнл.<br><br>Емад Хамшо ја финансира милицијата „Шабиха“ (Shabiha) кои за возврат собираат челик од областите уништени од вооружените сили и милицијата на сирискиот режим и го топат во локалните сириски фабрики за челик (Хмишо Стиил - Hmisho Steel). Тој, исто така, е заменик претседател на | 7.3.2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Hmeisho;<br><br>Hemasho) | | Сирискиот совет за железо и челик (Syrian Council of Iron and Steel) заедно со бизнисмени од режимот наведени во списокот, како што е Ајман Џабер (Ayman Jaber). Тој, исто така, соработува со Башар Ал-Асад (Bashar Al-Assad). | |
| 205. | Самир Хамшо (Samir Hamsho)<br><br>Познат како Самер; Самеер; Хмишо; Хамчу; Хамчо; Хамишо; Хмеишо; Хемашо) | Hamsho Building 31 Baghdad Street Дамаск, Сирија | Самир Хамшо е познат сириски бизнисмен кој има корист од и го поддржува режимот. Тој е сопственик и претседател на Ал Бурој (Al Buroj) и Сириа Стил/Хмишо Стил (Syria Steel/ Hmisho Steel), подружници на Хамшо Трејдинг (Hamsho Trading), подружница на Хамшо Интернешнл, која е наведена во списокот од страна на Советот.<br><br>Именуван во Стопанската комора во Хомс во март 2014 година од страна на Министерот за индустрија. | 7.3.2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (a.k.a. Samer; Sameer; Hmisho; Hamchu; Hamcho; Hamisho; Hmeisho; Hemasho) | | | |

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на заведување |
|---|---|---|---|---|
| | | | Затоа, тој обезбедува поддршка за сирискиот режим и има корист од неговите врски со режимот.<br><br>Тој, исто така, е поврзан со субјектите Хамшо Интернешнл, Сириа Стиил СА енд Ал Бурој Трејдинг, наведени во списокот. | |

Б. Субјекти

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на заведување |
|---|---|---|---|---|
| 65. | Организација за<br><br>технолошки<br><br>индустрии (ОТИ)<br><br>(Organisation for Technological Industries) (познат како Корпорација за технолошки индустрии ((a.k.a. Technical Industries Corporation (TIC)) | Адреса: Поштенски фах 11037, Дамаск, Сирија | Подружница на сириското Министерство за одбрана, кое е наведено во списокот од страна на Советот.<br><br>ОТИ е вклучен во производството на хемиско оружје за сирискиот режим.<br><br>Затоа, тој е одговорен за насилната репресија против сириското население.<br><br>Како подружница на Министерството за одбрана, тој, исто така е поврзан со субјект наведен во списокот. | 7.3.2015 |
| 66. | Сириска компанија за информатичка технологија (СЦИТ) (Syrian Company for Information Technology | Адреса: Поштенски фах 11037, Дамаск, Сирија | Подружница на Организацијата за технолошки индустрии и со тоа со сириското Министерство за одбрана, кои се наведени во списокот од страна на Советот. Тој, исто така, соработува со Централната банка на Сирија која е наведена во списокот од страна на Советот.<br><br>Како подружница на ОТИ и на | 7.3.2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (SCIT)) | | Министерството за одбрана, тој, исто така е поврзан со субјект наведен во списокот. | |
| 67. | Hamsho Trading (Хамш Трејдинг)<br><br>(познат како. Hamsho Group; Hmisho Trading Group; Hmisho Economic Group) | Hamsho Building 31 Baghdad Street Дамаск, Сирија | Подружница на Хамшо Интернешнл, кој е наведен во списокот од страна на Советот.<br><br>Како таков, Хамшо Интернешнл е поврзан со субјект наведен во списокот, Хамшо Интернешнл.<br><br>Го поддржува сирискиот режим преку неговите подружници, вклучувајќи го Сириа Стиил. Преку неговите подружници, поврзан е со групи како што се милицијата Шабиха ориентирана кон режимот. | 7.3.2015 |
| 68. | Syria Steel SA (Сириа Стиил СА)<br><br>(познат како Syria Steel Co; Syria Steel Rolling Mill; Hmisho Steel) | Hamsho Building 31 Baghdad Street Дамаск, Сирија | Подружница на Хамшо Трејдинг и со тоа, најпосле, подружница на Хамшо Интернешнл, кој е наведен во списокот од страна на Советот. Како таков, Сириа Стиил СА е поврзан со субјект наведен во списокот. Сириа Стиил, исто така, го поддржува сирискиот режим преку неговата работа со милицијата Шабиха и произведува вооружување. | 7.3.2015 |
| 69. | Al Buroj Trading (Ал Буроj Трејдинг)<br><br>(познат како Borouj<br><br>Trading<br><br>Company) | Hamsho Building 31 Baghdad Street Дамаск, Сирија | Подружница на Хамшо Трејдинг и со тоа, најпосле, подружница на Хамшо Интернешнл, кој е наведен во списокот од страна на Советот.<br><br>Како таков, Хамшо Интернешнл е поврзан со субјект наведен во списокот, Хамшо Интернешнл. | 7.3.2015 |

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на заведување |
|---|---|---|---|---|
| 70. | DK Group (ДК Груп)<br><br>(познат како DK Group SARL DK Middle East & Africa Regional Office) | Адреси: DK Middle East & Africa Regional Office, Peres Lazaristes Centre, No 3, 5th Floor, Emir Bachir Street, Beirut Central District, Bachoura Sector, Бејрут, Либан.<br><br>Azarieh Building — Block 03, 5th Floor<br><br>Azarieh Street — Solidere — Downtown, Поштенски фах 11-503, Бејрут, Либан | ДК Груп набавува нови банкноти за Централната банка на Сирија.<br><br>Со тоа, ДК Груп обезбедува поддршка за режимот. Поради оваа врска со набавка, исто така, е поврзан со субјект наведен во списокот, Централната банка на Сирија. | 7.3.2015 |

7.3.2015 EN Official Journal of the European Union L 64/41

# COUNCIL IMPLEMENTING DECISION (CFSP) 2015/383

## of 6 March 2015

## implementing Decision 2013/255/CFSP concerning restrictive measures against Syria

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision 2013/255/CFSP of 31 May 2013 concerning restrictive measures against Syria [1], and in particular Article 30(1) thereof,

Whereas:

(1) On 31 May 2013, the Council adopted Decision 2013/255/CFSP.

(2) In view of the gravity of the situation, seven persons and six entities should be added to the list of natural and legal persons, entities or bodies subject to restrictive measures in Annex I to Decision 2013/255/CFSP.

(3) Decision 2013/255/CFSP should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Annex I to Decision 2013/255/CFSP shall be amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 6 March 2015.

*For the Council*

*The President*

K. GERHARDS

---

[1] OJ L 147, 1.6.2013, p. 14.

L 64/42 EN Official Journal of the European Union 7.3.2015

*ANNEX*

The following persons and entities are added to the list of natural and legal persons, entities or bodies set out in Sections A and B of Annex I to Decision 2013/255/CFSP:

A. Persons

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 199. | Bayan Bitar<br>(a.k.a. Dr Bayan Al-Bitar) | Address: PO Box 11037 Damascus, Syria | Managing Director of the Organisation for Technological Industries (OTI), and the Syrian Company for Information Technology (SCIT), which are both subsidiaries of the Syrian Ministry of Defence, which has been designated by the Council.<br>OTI assists in the production of chemical weapons for the Syrian regime.<br>As Managing Director of OTI and the SCIT Bayan Bitar provides support to the Syrian regime. Due to his role in the production of chemical weapons, he also shares responsibility for the violent repression against the Syrian population.<br>In view of his senior position in these entities, he is also associated with the designated entities OTI and SCIT. | 7.3.2015 |
| 200. | Brigadier General Ghassan Abbas | Address: CERS, Centre d'Etude et de Recherche Scientifique;<br>(a.k.a. SSRC, Scientific Studies and Research Centre; Centre de Recherche de Kaboun Barzeh Street, PO Box 4470, Damascus) | Manager of the branch of the designated Syrian Scientific Studies and Research Centre (SSRC/CERS) near Jumraya/Jmraiya.<br>He has been involved in the proliferation of chemical weapons and the organisation of chemical weapons attacks, including in Ghouta in August 2013. He therefore shares responsibility for the violent repression against the Syrian population.<br>As manager of the SSRC/CERS branch near Jumraya/Jmraiya, Ghassan Abbas provides support to the Syrian regime.<br>As a result of his senior position in the SSRC, he is also associated with the designated entity SSRC. | 7.3.2015 |
| 201. | Wael Abdulkarim<br>(a.k.a. Wael Al Karim) | Address: Pangates International Corp Ltd, PO Box Sharjah Airport International Free Zone, United Arab Emirates<br>Al Karim for Trade and Industry, PO Box 111, 5797 Damascus, Syria<br>Morgan Additives Office No 2206, 22nd Floor, Jafza View 19, Besides Jafza View 18, Sheikh Zayed Road, Jebel Ali Free Zone Authority, Dubai, UAE | Managing Director of the designated entity Pangates International Corp Ltd which acts as an intermediary in the supply of oil to the Syrian regime.<br>As Managing Director of Pangates, Wael Abdulkarim provides support to, and benefits from, the Syrian regime. He also holds a senior position in the designated entity Al Karim Group, which is Pangates' parent company.<br>As a result of his senior positions in Pangates and Al Karim Group, he is also associated with these designated entities. | 7.3.2015 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 202. | Ahmad Barqawi<br>(a.k.a. Ahmed Barqawi) | Address: Pangates International Corp Ltd, PO Box Sharjah Airport International Free Zone, United Arab Emirates. Al Karim for Trade and Industry, PO Box 111, 5797 Damascus, Syria.<br>Morgan Additives Office No 2206, 22nd Floor, Jafza View 19, Besides Jafza View 18, Sheikh Zayed Road, Jebel Ali Free Zone Authority, Dubai, UAE | General Manager of Pangates International Corp Ltd, which acts as an intermediary in the supply of oil to the Syrian regime, and manager of Al Karim Group. Both Pangates International and Al Karim Group have been designated by the Council.<br>As General Manager of Pangates and a manager of Pangates' parent company, Al Karim Group, Ahmad Barqawi provides support to, and benefits from the Syrian regime. Given his senior position in Pangates and Al Karim Group, he is also associated with the designated entities Pangates International and Al Karim Group. | 7.3.2015 |
| 203. | George Haswani<br>(a.k.a. Heswani; Hasawani; Al Hasawani) | Address: Damascus Province, Yabroud, Al Jalaa St, Syria | Prominent Syrian businessman, co-owner of HESCO Engineering and Construction Company, a major engineering and construction company in Syria. He has close ties to the Syrian regime.<br>George Haswani provides support and benefits from the regime through his role as a middleman in deals for the purchase of oil from ISIL by the Syrian regime.<br>He also benefits from the regime through favourable treatment including the award of a contract (as a sub-contractor) with Stroytransgaz, a major Russian oil company. | 7.3.2015 |
| 204. | Emad Hamsho<br>(a.k.a. Imad Hmisho; Hamchu; Hamcho; Hamisho; Hmeisho; Hemasho) | Hamsho Building<br>31 Baghdad Street<br>Damascus,<br>Syria | Occupies a senior management position in Hamsho Trading.<br>As a result of his senior position in Hamsho Trading, a subsidiary of Hamsho International, which has been designated by the Council, he provides support to the Syrian regime. He is also associated with a designated entity, Hamsho International.<br>Emad Hamsho funds Shabiha militias who in turn collect steel from the areas destroyed by the Syrian regime armed forces and militias and melt it down in local Syria Steel (Hmisho Steel) factories. He is also vice-president of the Syrian Council of Iron and Steel alongside designated regime businessmen such as Ayman Jaber. He is also an associate of Bashar Al-Assad. | 7.3.2015 |
| 205. | Samir Hamsho<br>(a.k.a. Samer; Sameer; Hmisho; Hamchu; Hamcho; Hamisho; Hmeisho; Hemasho) | Hamsho Building<br>31 Baghdad Street<br>Damascus,<br>Syria | Samir Hamsho is a prominent Syrian businessman benefiting from and supporting the regime. He is the owner and chairman of Al Buroj and Syria Steel/Hmisho Steel, subsidiaries of Hamsho Trading, a subsidiary of Hamsho International, which has been designated by the Council.<br>Appointed to the Homs Chamber of Commerce in March 2014 by the Minister of Industry. | 7.3.2015 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| | | | Therefore, he provides support to the Syrian regime and benefits from his connections with the regime.<br>He is also associated with the designated entities Hamsho International, Syria Steel SA and Al Buroj Trading. | |

B. Entities

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 65. | Organisation for Technological Industries<br>(a.k.a. Technical Industries Corporation (TIC)) | Address: PO Box 11037 Damascus, Syria | Subsidiary of the Syrian Ministry of Defence, which has been designated by the Council.<br>OTI is involved in the production of chemical weapons for the Syrian regime.<br>It is therefore responsible for the violent repression against the Syrian population.<br>As a subsidiary of the Ministry of Defence, it is also associated with a designated entity. | 7.3.2015 |
| 66. | Syrian Company for Information Technology (SCIT) | Address: PO Box 11037 Damascus, Syria | Subsidiary of the Organisation for Technological Industries (OTI) and therefore the Syrian Ministry of Defence, which have been designated by the Council. It also works with the Central Bank of Syria which has been designated by the Council.<br>As a subsidiary of OTI and the Ministry of Defence, SCIT is associated with these designated entities. | 7.3.2015 |
| 67. | Hamsho Trading<br>(a.k.a. Hamsho Group; Hmisho Trading Group; Hmisho Economic Group) | Hamsho Building<br>31 Baghdad Street<br>Damascus,<br>Syria | Subsidiary of Hamsho International, which has been designated by the Council.<br>As such, Hamsho Trading is associated with a designated entity, Hamsho International.<br>Supports the Syrian regime through its subsidiaries, including Syria Steel. Through its subsidiaries it is associated with groups such as the pro-regime Shabiha militias. | 7.3.2015 |
| 68. | Syria Steel SA<br>(a.k.a. Syria Steel Co; Syria Steel Rolling Mill; Hmisho Steel) | Hamsho Building<br>31 Baghdad Street<br>Damascus,<br>Syria | Subsidiary of Hamsho Trading and therefore ultimately a subsidiary of Hamsho International, which has been designated by the Council. As such, Syria Steel SA is associated with a designated entity. Syria Steel also supports the Syrian regime through its work with Shabiha militias and producing armaments. | 7.3.2015 |
| 69. | Al Buroj Trading<br>(a.k.a. Borouj Trading Company) | Hamsho Building<br>31 Baghdad Street<br>Damascus,<br>Syria | Subsidiary of Hamsho Trading and therefore ultimately of Hamsho International, which has been designated by the Council.<br>As such, Al Buroj Trading is associated with a designated entity, Hamsho International. | 7.3.2015 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 70. | DK Group<br>(a.k.a. DK Group SARL DK Middle East & Africa Regional Office) | Addresses: DK Middle East & Africa Regional Office, Peres Lazaristes Centre, No 3, 5th Floor, Emir Bachir Street, Beirut Central District, Bachoura Sector, Beirut, Lebanon.<br>Azarieh Building — Block 03, 5th Floor<br>Azarieh Street — Solidere — Downtown, PO Box 11-503, Beirut, Lebanon | DK Group supplies new banknotes to the Central Bank of Syria.<br>DK Group therefore provides support to the regime. Due to this supply relationship, it is also associated with a designated entity, the Central Bank of Syria. | 7.3.2015 |